**З А П И С Н И К**
**од Четириесет и осмата седница на Владата на Република Македонија,**
**одржана на 9.1.2018 година**

**Скопје, јануари 2018 година**

**З А П И С Н И К**
**од Четириесет и осмата седница на Владата на Република Македонија,**
**одржана на 9.1.2018 година**

Седницата започна во 16:25 часот.

На седницата претседаваше претседателот на Владата на Република Македонија, Зоран Заев, како и заменикот на претседателот на Владата, задолжен за спроведување на Рамковниот договор и политички систем, Хазби Лика.

На седницата присуствуваа заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија и министер за внатрешни работи, Оливер Спасовски, членовите на Владата на Република Македонија Билен Саљији, министер за правда, м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Венко Филипче, министер за здравство, д-р Рената Дескоска, министер за образование и наука, Сухејл Фазлиу, министер за локална самоуправа, м-р Роберт Алаѓозовски, министер за култура, Дамјан Манчевски, министер за информатичко општество и администрација, м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски, Садула Дураки, министер за животна средина и просторно планирање, Роберт Поповски, министер без ресор, задолжен за комуникации, отчетност и транспарентност, Едмонд Адеми, министер без ресор, задолжен за дијаспора, Аксел Ахмедовски, министер без ресор, задолжен за имплементација на Националната стратегија за подобрување на состојбата на Ромите во Република Македонија, Зорица Апостолска, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции и генералниот секретар на Владата на Република Македонија, д-р Драги Рашковски и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Македонија, Тахир Хани.

На седницата присуствуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата на Република Македонија на седницата присуствуваа и д-р Беким Максути, заменик на министерот за одбрана, д-р Ширете Елези, заменик на министерот за финансии и м-р Кире Наумов, заменик на министерот за економија.

На седницата присуствуваа и портпаролите на Владата на Република Македонија, Миле Бошњаковски и Мухамед Хоџа.

Од седницата отсуствуваа заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија и министер за одбрана, м-р Радмила Шекеринска, заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за европски прашања, д-р Бујар Османи, заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, д-р Кочо Анѓушев и членовите на Владата на Република Македонија, д-р Драган Тевдовски, министер за финансии, Мила Царовска, министер за труд и социјална политика, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, д-р Зоран Шапуриќ, министер без ресор задолжен за регулатива за подобрување на инвестиционата клима за домашните претпријатија и д-р Аднан Ќахил, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции.

*

*    *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

**ПРЕД ПРЕМИНУВАЊЕ НА ДНЕВЕН РЕД**

- Состојби и напредок во процесот на европска интеграција

**А) МАТЕРИЈАЛИ ЗА КОИ СЕ ВОДИ РАСПРАВА И СЕ ОДЛУЧУВА**

**а) гости**

1. Информација за прогресот и реализација на проектот-Антенски систем за контрола и мониторинг на радиофрекфенции на територијата на Република Македонија

2. Информација за потребата за прием во редовен работен однос на пилоти во Дирекцијата за заштита и спасување на Република Македонија и нивна обука

3. Информација во врска со проверка на сите приматели на пензии со евиденција на починати лица со цел да се утврди дали има исплата на пензии на починати лица без основ

4. Предлог-одлука за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Македонија во Катастарот на недвижности

5. Информација за Годишниот акциски план за спроведување на Националната стратегија за развој на интегрираното гранично управување за 2018 година, со Годишен акциски план

**б) економски систем и тековна економска политика**
**в) политички систем**

6. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на укажувачи, по скратена постапка

7. Предлог-закон за ратификација на Дополнителниот Протокол 5 на Договорот за изменување и пристапување на Централно европскиот договор за слободна трговија

8. Предлог-закон за ратификација на Конвенцијата за трудови статистики, 1985 (C 160)

9. Информација за реализација на препораките на ГРЕКО (Група на држави против корупција) на Советот на Европа дадени со Извештајот за евалуација на Република Македонија-Четврт круг, на тема: „Превенција на корупцијата кај членовите на Собранието, судиите и обвинителите“ - Втор ситуациски извештај на Република Македонија

**г) човечки ресурси и одржлив развој**

**Б) МАТЕРИЈАЛИ ЗА КОИ СЕ ОДЛУЧУВА БЕЗ РАСПРАВА**

**а) економски систем и тековна економска политика**
**б) политички систем**

10. Барање на Акхмет Кесер, за прием во државјанство на Република Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија

11. Барање на Севеџен Ичоз, за прием во државјанство на Република Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија

12. Барање на Халил Ирфан Бумин, за прием во државјанство на Република Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија

13. Барање на Вели Кујуџу, за прием во државјанство на Република Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија

**в) човечки ресурси и одржлив развој**

14. Предлог-одлука за пренесување во сопственост недвижна ствар на Општина Крушево

**г) предлози по кои Владата дава мислење**

**(а) по барање на Собранието на Република Македонија**

**(б) по барање на органи, организации и други правни лица**

15. Решение на Уставниот суд на Република Македонија У.бр.7/2017 донесено на седницата одржана на 1 ноември 2017 година, за поведување на постапка за оценување на уставноста на членот 2 од Правилникот за полагање на испит за медијатори („Службен весник на Република Македонија“ бр.223/2015 и 67/2016)

16. Понуда од нотар Нерџиван Идризи од Скопје, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.2798 за КО Сингилиќ 2 на КП бр.2223 викано/место Р. Каскалиевиќ

**д) други предлози**

17. Повик за свикување на Собрание на Македонски Телеком АД-Скопје

18. Кадровски прашања

19. Прашања и предлози

**В) ЗА ИНФОРМИРАЊЕ**

20. Информација за зголемување на придонесот на Република Македонија во мисијата на НАТО во Авганистан „Одлучна поддршка“ во 2018 година

21. Информација со акциски план за текот и прогресот на активностите во врска со проектот „Кампања во општина Прилеп за рано спречување на рак на матка и дојка“

22. Информација во врска со Иницијативата за измени и дополнувања за Законот за здравствена заштита и на Програмата за едукација на лекари во насока на тоа медицинската едукација да важи и за здравствени работници од приватните здравствени установи

23. Информација за текот и прогресот на активностите во врска со проектот ,,Стипендии на средношколци кои ќе освојат награда на научна олимпијада" на јавниот повик за доделување на парична награда за освоен златен ,сребрен или бронзен медал на една од 13 меѓународни олимпијади (за периодот од септември 2017 до декември 2017 година)

**Г) ДОПОЛНИТЕЛНИ ТОЧКИ**

24. Предлог-одлука за утврдување на вредност на бодот за пресметување на платите на државните службеници за 2018 година

25. Информација за Предлог-стратегијата за информатичко-комуникациска технологија во правосудство

*

*     *

**ПРЕД ПРЕМИНУВАЊЕ НА ДНЕВЕН РЕД:**

- **Состојби и напредок во процесот на европска интеграција**

Претседателот на Владата на Република Македонија, Зоран Заев ги информираше членовите на Владата за состојбите и напредокот во процесот на европска интеграција, односно за текот и реализацијата на мерките од Планот 3-6-9.

*

*     *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**<u>Точка 1</u>**

Владата ја разгледа Информацијата за прогресот и реализација на проектот-Антенски систем за контрола и мониторинг на радиофрекфенции на територијата на Република Македонија, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата заклучи Агенцијата за електронски комуникации во рок од 30 дена (за втората седница во февруари 2018 година) да достави до Владата дополнителна информација во врска со реализација на овој проект (дали е законски дозволено контролните механизми да бидат на ист антенски столб или на исти локации со предавателите кои зрачат), за сите предвидени трошоци и проценка за целисходноста на нивната реализација во зависност дали се склучени договори или не, со предлог што од Проектот да опстои, а што да не се реализира.

**Точка 2**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата за прием во редовен работен однос на пилоти во Дирекцијата за заштита и спасување на Република Македонија и нивна обука и притоа заклучи:

- Се задолжуваат Министерството за финансии, Министерството за внатрешни работи, Министерството за одбрана и Дирекцијата за заштита и спасување, да ја антиципираат потребата и навремено да најдат соодветно решение во врска со ова прашање.

**Точка 3**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со проверка на сите примателите на пензии со евиденција на починати лица со цел да се утврди дали има исплата на пензии на починати лица без основ, ја усвои Информацијата и му укажа на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, еднаш годишно, односно на крајот на годината за тековната година, до Министерството за труд и социјална политика да доставува информација во врска со проверка на сите приматели на пензии со евиденција на починати лица со цел да се утврди дали има исплата на пензии на починати лица без основ.

**Точка 4**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Македонија во Катастарот на недвижности, во предложениот текст.

**Точка 5**

Владата ја разгледа Информацијата за Годишниот акциски план за спроведување на Националната стратегија за развој на интегрираното гранично управување за 2018 година, со Годишен акциски план и условно ја усвои Информацијата и го прифати Годишниот акциски план за спроведување на Националната стратегија за развој на интегрираното гранично управување 2018, доколку предлагачот претходно обезбеди позитивни мислења од Министерството за внатрешни работи и Министерството за финансии.

**Точка 6**

Владата го разгледа новиот текст на Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за заштита на укажувачи, по скратена постапка, го утврди како Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на укажувачи и заклучи согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Македонија во Собранието се определени Билен Саљији, министер за правда и Оливер Ристовски, заменик на министерот за правда, а за повереници Зулфи Адили, државен секретар во Министерството за правда и Маја Малјановска, раководител на сектор во Министерството за правда.

Истовремено. согласно Мислењето на Министерството за финансии, Владата заклучи потребните средства за материјални трошоци и опрема да се обезбедат во рамки на буџетите на надлежните институции, додека потребниот кадар да се обезбеди по пат на прераспределба во рамки на буџетските корисници.

**<u>Точка 7</u>**

Владата го разгледа новиот текст на Предлог-законот за ратификација на Дополнителниот Протокол 5 на Договорот за изменување и пристапување на Централно европскиот договор за слободна трговија и го утврди со следните заклучоци:

1. Министерството за финансии активно да биде вклучено во сите идни активности поврзани со ЦЕФТА со цел навремено антиципирање на идните обврски од овој Протокол.

2. Потребните финансиски средства за реализација на предвидените активности да се обезбедат во рамките на планираните средства со буџетите на надлежните институции за соодветната фискална година.

3. Текстот на Предлог-законот за ратификација на Дополнителниот Протокол 5 на Договорот за изменување и пристапување на Централно европскиот договор за слободна трговија да се достави до Собранието, согласно член 188 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

За претставници на Владата на Република Македонија во Собранието се определени м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, д-р Арта Точи, заменик на министерот за надворешни работи и м-р Кире Наумов, заменик на министерот за економија, а за повереници Зоран Павловски, државен секретар во Министерството за економија, Блерим Златку, државен советник во Министерството за економија и Наташа Дескоска, директор во Министерството за надворешни работи.

**<u>Точка 8</u>**

Владата го разгледа Предлог-законот за ратификација на Конвенцијата за трудови статистики, 1985 (C 160), го утврди и заклучи да се достави до Собранието, согласно член 188 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.
За претставници на Владата на Република Македонија во Собранието се определени м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи, Мила Царовска, министер за труд и социјална политика, д-р Арта Точи, заменик на министерот за надворешни работи и Ељми Азири, заменик на министерот за труд и социјална политика, а за повереници м-р Елена Грозданова, државен секретар во Министерството за труд и социјална политика и Наташа Дескоска, директор во Министерството за надворешни работи.

**<u>Точка 9</u>**

Владата ја разгледа Информацијата за реализација на препораките на ГРЕКО (Група на држави против корупција) на Советот на Европа дадени со Извештајот за евалуација на Република Македонија-Четврт круг, на тема: „Превенција на корупцијата кај членовите на Собранието, судиите и обвинителите“ - Втор ситуациски извештај на Република Македонија и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за правда да го достави до ГРЕКО (Група на држави против корупција) на Советот на Европа, Вториот ситуациски извештај-Четврт круг на евалуација во рамките на зададениот рок, односно до 31 јануари 2018 година.

2. Се задолжува Министерството за правда во Вториот ситуациски извештај-Четврт круг, да внесе информации за целокупниот прогрес во однос на реализацијата на препораките на ГРЕКО за Република Македонија-Четврт круг, кој би настанал до 31 јануари 2018 година.

## Точка 10

Владата го разгледа Барањето на Ахмет Кесер, за прием во државјанство на Република Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија и врз основа на мислењата на Министерството за финансии и Министерството за економија, утврди негативно мислење по Барањето.

## Точка 11

Владата го разгледа Барањето на Севеџен Ичоз, за прием во државјанство на Република Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија и врз основа на мислењата на Министерството за финансии и Министерството за економија, утврди негативно мислење по Барањето.

## Точка 12

Владата го разгледа Барањето на Халил Ирфан Бумин, за прием во државјанство на Република Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија и врз основа на Мислењето на Министерството за финансии, утврди негативно мислење по Барањето.

## Точка 13

Владата го разгледа Барањето на Вели Кујуџу, за прием во државјанство на Република Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија и врз основа на Мислењето на Министерството за финансии, утврди негативно мислење по Барањето.

## Точка 14

Владата ја донесе Одлуката за пренесување во сопственост недвижна ствар на Општина Крушево, во предложениот текст.

## Точка 15

Владата го разгледа Решението на Уставниот суд на Република Македонија за поведување постапка за оценување на уставноста и законитоста на членот 2 од Правилникот за полагање на испит за медијатори („Службен весник на Република Македонија“ бр. 223/2015 и 67/2016) и притоа го утврди следното мислење

Според Решението донесено од Уставниот суд на Република Македонија, со оспорениот член 2 од Правилникот, донесен од министерот за правда, се определуваат испитните сесии во текот на годината кога се полага испитот за медијатори.

Меѓутоа според член 59 став (1) точка в) од Законот за медијација, Одборот за обезбедување, следење и оценување на квалитетот на работите на медијацијата, врз основа на начелото на самостојност и стручност, ги утврдува испитните сесии за полагање на испитот за медијатор.

Оттука според Уставниот суд на Република Македонија произлегува дека законодавецот го овластил министерот за правда да ги пропише условите и начинот на полагање на испитот за медијатори, но за утврдувањето на испитните сесии за спроведување на испитот, законодавецот го овластил Одборот.

Од горенаведеното, Уставниот суд на Република Македонија оценил дека основано може да се постави прашањето за согласноста на членот 2 од Правилникот за полагање на испит за медијатори со член 59 став (1) точка в) од Законот за медијација и со член 8 став (1) точка в) од Законот за медијација и со член 8 став (1) алинеја 3 и член 51 од Уставот.

Имено, согласно Законот за медијација, заради обезбедување, следење и оценување на квалитетот на работите на медијаторите се основа Одбор за обезбедување, следење и оценување на квалитетот на работите на медијацијата, кој е составен од десет члена именувани од Владата на Република Македонија со мандат од четири години и врши други работи утврдени со закон, со делокруг на работа утврден во член 59 од Законот за медијација.

Според член 51 став (8) од Законот за медијација, условите и начинот на полагање на испитот за медијатор ги пропишува министерот за правда.

Според член 59 став (1) точка в), Одборот ги утврдува испитните сесии и начинот на полагање на испит за медијатори, го организира и спроведува испитот и ги издава уверенијата за положен испит.

Според член 2 од Правилникот за условите и начинот на полагање на испитот за медијатор, испитот се полага во февруарска, априлска, мајска, јунска и ноемвриска испитна сесија. Според став (2) од истиот член, пријавувањето за испитот се врши во периодот од први до петнаесетти во месецот кој претходи на месецот во кој се спроведува испитната сесија (јануари, март, април, мај и октомври).

Одредбите од предметниот правилник не се во спротивност со законските одредби во членот 59 точката в) од Законот за медијација со кој е уреден Делокругот на работата на Одборот за обезбедување, следење и оценување на квалитетот на работите на медијацијата, од причина што Одборот за обезбедување, следење и оценување на квалитетот на работите на медијацијата нема законска надлежност да донесува подзаконски акти односно истиот не е самостоен државен орган и нема својство на правно лице туку истиот се основа согласно овој закон и има надлежности утврдени со овој закон, поради што испитните сесии за кои е неспорно дека ги утврдува Одборот се пропишани со Правилникот за условите и начинот на полагање на испитот за медијатори.

Согласно горенаведеното, Владата на Република Македонија останува на мислење дека одредбите од член 2 од Правилникот за условите и начинот на полагање на испитот за медијатори се во согласност со член 59 став (1) точка в) од Законот за медијација и му предлага на Уставниот суд на Република Македонија да донесе решение за запирање на постапката за оценување на уставноста и законитоста на овој член од Правилникот.

**<u>Точка 16</u>**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Нерџиван Идризи од Скопје, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.2798 за КО Сингилиќ 2 на КП бр.2223 викано/место Р.Каскалиевиќ и не ја прифати Понудата имајќи го предвид негативното мислење на Министерството за транспорт и врски.

## Точка 17

Владата по Повикот за свикување на Собрание на акционери на Македонски Телеком АД-Скопје, закажано за 10.1.2018 година, во 10:00 часот, заклучи:

1. Го отповика д-р Драги Рашковски, генерален секретар на Владата на Република Македонија од својството на полномошник на Владата на Република Македонија, како акционер во Македонски Телеком АД-Скопје да присуствува на седници на Собрание на акционери на Македонски Телеком АД-Скопје.

2. Се овластува Тања Чачарова-Илиевска, согласно член 392 од Законот за трговските друштва, во својство на полномошник на Владата на Република Македонија, како акционер во Македонски Телеком АД - Скопје, да присуствува на Собранието на акционери на Македонски Телеком АД - Скопје, закажано за 10.1.2018 година, во 10:00 часот.

Издаденото полномошно да биде заверено кај нотар.

3. Се овластува полномошникот на Владата на Република Македонија да гласа „ЗА“ по однос на Процедуралниот дел од Дневниот ред на Собранието на акционери на Македонски Телеком АД-Скопје, закажано за 10.1.2018 година, во 10:00 часот.

4. Се овластува полномошникот на Владата на Република Македонија по однос на Работниот дел од Дневниот ред на Собранието на акционери на Македонски Телеком АД - Скопје, закажано за 10.1.2018 година, во 10:00 часот:

- да гласа „ЗА“ по однос на точка 1. Предлог-одлука за измени на Статутот на Друштвото.
- да гласа „ПРОТИВ“ по однос на точка 2. Предлог-одлука за определување на месечен надоместок на претседателот на Одборот на директори на Друштвото, односно да предложи висината на надоместокот да остане на исто ниво како и до сега.
- да гласа „ЗА“ по однос на точка 3. Предлог-одлука за отповикување и избор на член на Одборот на директори на Друштвото.

## Точка 18

**1.** Владата за претставници во Советот на Јавната научна установа Институт за македонска литература-Скопје, ги определи: д-р Димка Митева, д-р Љубица Станковска и д-р Владимир Мартиновски

**2.** Владата го именува Сеад Садиковски за вршител на должноста директор на Државниот инспекторат за локална самоуправа, орган во состав на Министерството за локална самоуправа и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

**3.** Владата го именува Стојко Пауновски за вршител на должноста директор на Државниот пазарен инспекторат, орган во состав на Министерството за економија и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

**4.** Владата го разреши Дритон Небиу од должноста вршител на должноста директор на Државниот инспекторат за шумарство и ловство, орган во состав на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**4.1.** Владата го именува Ејуп Јаја за вршител на должноста директор на Државниот инспекторат за шумарство и ловство, орган во состав на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и истовремено му утврди коефициент за пресменување на плата.

**<u>Точка 19</u>**

**1.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Македонија за период од 2.1.2018 година до 8.1.2018 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Македонија и Собранието на Република Македонија.

**2.** Претседателот на Владата на Република Македонија, Зоран Заев изрази големо задоволство од работата на членовите на Советот за реформи во правосудството, за успешната соработка и за успешно завршената работа, односно за активното учество во изработката на Стратегијата за реформи во правосудството за период 2017-2022 и истовремено ги информираше членовите на Владата за намерата за формирање на нов совет за имплементација на Стратегијата за реформи во правосудството за период 2017-2022 до крајот на јануари 2018 година, согласно планот 3.6.9. и поминувањето во делот 9.

**3.** Владата го задолжи Министерството за финансии да подготви и во рок од еден месец до Владата да достави информација за детално прецизирање (унифицирање) на исполнетоста на условите за прием во државјанство на Република Македонија (посебно во делот што значи „прифатливо за реализација од најмалку 400.000 евра“ и во делот на останатите критериуми, како што се работни места, придонеси од работни места и друго).

**4.** Претседателот на Владата на Република Македонија, Зоран Заев ги информираше членовите на Владата за можноста за реализација на средства во износ од околу 45 милиони евра предвидени со Договорот за концесија со компанијата ТАВ Аеродроми-Скопје за проекти поврзани со локалната самоуправа од областите на образование и наука, труд и социјална политика, животна средина и просторно планирање и транспорт и врски (за проектни документации, за изградба на училишта и градинки, изградба на системи за канализација и водоснабдување на основни и средни училишта, градинки и сл.).

Согласно ова, по подготвувањето на анекс на Договорот за концесија со компанијата ТАВ Аеродроми-Скопје и негово потпишување ќе се вршат соодветни изменувања и дополнувања на програмите донесени од Владата за овие области.

**5.** Владата во врска со одржувањето на претстојниот Самит на лидерите на земјите учеснички во Процесот „Брдо-Бриони“ во Скопје во 2018 година, заклучи:

1) Се задолжува Министерството за финансии да подготви соодветна предлог-одлука со која ќе ги обезбеди потребните средства во износ од 10.000.000 (десет милиони) денари, од тековната резерва и ќе ги стави на располагање на Кабинетот на Претседателот на Република Македонија-раздел 01001 Претседател на Република Македонија, за организација на Самитот на лидерите на земјите учеснички во Процесот „Брдо-Бриони“ во Скопје во 2018 година.

Одлуката се смета за донесена на оваа седница на Владата.

2) Се задолжуваат Министерството за надворешни работи, Министерството за внатрешни работи, Министерството за култура, Министерството за здравство и Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија, во најкус можен рок да определат свои претставници во Координативното тело за организација на Самитот на лидерите на Процесот „Брдо-Бриони“ кое би се состанувало веднаш по неговото формирање до денот на Самитот, во редовен, заеднички прифатлив термин.

## Точка 20

Владата ја разгледа Информацијата за зголемување на придонесот на Република Македонија во мисијата на НАТО, во Авганистан „Одлучна поддршка“ во 2018 година, како материјал за информирање.

## Точка 21

Владата ја разгледа Информацијата со Акциски план за текот и прогресот на активностите во врска со проектот „Кампања во општина Прилеп за рано спречување на рак на матка и дојка“, како материјал за информирање.

Истовремено, се задолжува Министерството за здравство во иднина да не доставува до Владата информација за прогресот на активностите во врска со овој проект.

## Точка 22

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Иницијативата за изменување и дополнување за Законот за здравствена заштита и на Програмата за едукација на лекари, во насока на тоа медицинската едукација да важи и за здравствени работници од приватните здравствени установи, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата заклучи Министерството за здравство во иднина да не доставува информации во врска со оваа активност до Владата.

## Точка 23

Владата ја разгледа Информацијата за текот и прогресот на активностите во врска со проектот ,,Стипендии на средношколци кои ќе освојат награда на научна олимпијада“ и Јавниот повик за доделување на парична награда за освоен златен, сребрен или бронзен медал на една од 13 меѓународни олимпијади (International Science Olympiad) (за периодот септември 2017 - декември 2017 година), како материјал за информирање.

## Точка 24

Владата ја донесе Одлуката за утврдување на вредност на бодот за пресметување на платите на државните службеници за 2018 година, со заклучок во правниот основ за донесување на Одлуката по зборовите „член 88“ да се додаде „став 1“.

## Точка 25

Владата ја разгледа Информацијата за Предлог-стратегијата за информатичко-комуникациска технологија во правосудство, со текст на Предлог-стратегија, како материјал за информирање.

Истовремено, се задолжува Министерството за информатичко општество и администрација, во соработка со Министерството за правда, да ја разгледаат предлог-стратегијата и да предложат соодветни предлог-решенија за втората или третата наредна седница на Владата.

*

*        *

На седницата се водени стенографски белешки.
Седницата заврши во 18:45 часот.

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**д-р Драги Рашковски**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**Зоран Заев**